УНИВЕРЗИТЕТ „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ПРАВОСЛАВЕН БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ
„СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

НА ПРАВОСЛАВНИОТ БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“

СКОПЈЕ

09

2022

Скопје, март 2023

Издание на Православниот богословски факултет
„Свети Климент Охридски“ – Скопје

Првиот број на *Билтенот* е објавен како прилог кон број 5 на „Весник“ – Службен лист на македонската православна црква – Охридска архиепископија

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Ѓоко Ѓорѓевски, декан

Уредници: доцент д-р Анета Јовковска и м-р Билјана Петковска

Умножено на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ – Скопје

Тираж 3 примероци

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Православен богословски факултет
„Св. Климент Охридски“-Скопје-придружна членка
Примено: 22.12.2022
315/1

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ-ДОКТОРАНД ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДОГМАТИКА

## НА ПРАВОСЛАВНИОТ БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Православниот Богословски Факултет „Свети Климент Охридски“-Скопје, придружна членка на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весникот „Вечер“ на 07. 11. 2022 година, за избор на асистент-докторанд во наставно-научната област Догматика, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 04/03. 11. 2022, донесена на петтата Редовна седница на ННС од 28.11.2022, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Милан Ѓорѓевиќ, редовен професор на Православниот богословски факултет, д-р Ѓоко Ѓорѓевски, редовен професор на Православниот богословски факултет и д-р Кире Трајанов, доцент на Православниот богословски факултет.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор за избор на асистент-докторанд во наставно-научната област Догматика во предвидениот рок се пријави м-р Борче Грамбозов.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот м-р Борче Грамбозов е роден на 03.08.1989 година, во Битола, С. Македонија. Средно образование завршил во Македонската православна Богословија „Свети Климент Охридски“ во Драчево – Скопје во 2009 година, со одличен успех. Со високо образование се стекнал на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски“ во Скопје, каде дипломирал во 2013 година со просек 9,1. Од 2013 – 2017 година кандидатот е редовен професор во Македонската православна богословија „Свети Климент Охридски“ во Драчево – Скопје.

Кандидатот активно се служи со грчки и англиски јазик, а го познава и новозаветниот грчки јазик. Поседува меѓународен сертификат за познавање на грчки јазик на ниво B2, стекнат во училиштето за новогрчки јазик, при Аристотели Универзитетот во Солун.

Кандидатот продолжил на втор циклус (магистерски) студии на Солунскиот богословски факултет при Аристотели универзитетот, во одделот за Догматика. Студиите ги завршил во 2016 година со просек – 10 (десет). На 15.09.2016 година го одбранил магистерскиот труд на грчки јазик на тема: „Οι δογματικοί όροι στα Σύμβολα Πίστεως Νικαίας - Κωνσταντινουπόλεως“ („Догматските термини во Никејскиот и Цариградскиот символ на верата“), под менторство на Проф. д-р Деспо Љаљу, и се здобил со степен магистер од специјалноста Православна теологија и Христијанска култура - Догматска и Символичка теологија. Веднаш потоа се запишува на докторски студии при Аристотели универзитетот на катедрата по Догматика на тема: „Η αποκάλυψη του Τριαδικού Θεού με βάση την ενότητα της

Παλαιάς και Καινής Διαθήκης στους Πατέρες του τέταρτου αιώνα" („Откровението на Троичниот Бог врз основа на единството на Стариот и Новиот завет кај светите отци од четвртиот век"), под менторство на Проф. д-р Христос Филиотис – Влахавас.

Од 2017 – до денес кандидатот е асистент-докторанд по предметот Догматика на Православниот Богословски Факултет „Свети Климент Охридски"- Скопје, при УКИМ.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ

### Наставно-образовна дејност

2012 – 2013: Вонреден професор во Македонската православна Богословија „Свети Климент Охридски„ во Драчево – Скопје.

2013 – 2017: Редовен професор во Македонската православна Богословија „Свети Климент Охридски„ во Драчево – Скопје.

Од 2017 – до денес: Асистент-докторанд по предметот Догматика на Православниот богословски факултет „Свети Климент Охридски„ при УКИМ – Скопје.

### Научноистражувачка дејност

Борче Грамбозов, „Христос не е човечки прототип на целото човештво. Толкување на коментарот на Евангелието според Свети апостол Јован ("Υπόμνημα εἰς τὸ κατὰ Ἰωάννην") на свети Кирил Александриски: Логосот = Христос", *Пелагонитиса* (29/ 2017) 12 – 16.

Борче Грамбозов, „Генеза на православната догма со посебен осврт на настанот на Педесетница", во *Годишен Зборник*, Православен богословски факултет *„Свети Климент Охридски" – Скопје* 21 – 22 (2015/2016), 153 – 170.

Кандидатот учествува на неколку научно-стручни собири.

### ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната и научноистражувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Борче Грамбозов.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека м-р Борче Грамбозов поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето асистент-докторанд во научната област Догматика.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Православниот Богословски Факултет „Свети Климент

**ОБРАЗЕЦ 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** ***Борче Никола Грамбозов***
(име, татково име и презиме)

**Институција: Православен богословски факултет „Свети Климент Охридски„ -** ***Скопје***
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** ***ДОГМАТИКА***

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ

**За факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br><br>Просечниот успех изнесува: _9.55_________ | ДА |
| 2 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 9,1__________<br><br>Просечниот успех на постдипломски студии изнесува: 10__________ | ДА |
| 3 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик:__**Грчки и англиски**_____________<br>2. Назив на документот: **Меѓународен сертификат за познавање на грчки јазик на ниво В2, и Уверение за познавање на англискиот јазик.**_________<br>3. Издавач на документот: **Аристотели Универзитет - Солун, училиште за новогрчки јазик, и Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ - Скопје, Филолошки факултет**<br>_________<br>4. Датум на издавање на документот: **11.06.2014 и 18.11.2022**_____ | ДА |